ПРЕДЛОГ

**ЗАПИСНИК**

**од 27-та седница на Собранието на ИОРРМ**

На ден 16.10.2020 година во Амфитеатар 2 на Едукативен центар М-ШЕСТ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.810 бр.2 Гази Баба во Скопје, со почеток во 12.00 часот, како резултат од потребата за одржување на Годишно Собрание на ИОРРМ, земена предвид состојбата во државата настаната како резултат на пандемијата со вирусот КОВИД – 19, преку видео конференција се одржа 27-та седница на Собранието на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ) на кое присуствуваа членовите на ИОРРМ.

Евиденцијата за пријавени, евиденцијата за присутни членови на Собранието, како и евиденција за пријавени регистрирани членови со право на глас на Собранието ја води стручната служба на ИОРРМ, согласно објавената покана за пријавување на учество на 27-та седница на собранието на ИОРРМ и насоките содржани во неа.

За информатичко - техничи работик поврзани со спроведувањето на видео конференцијата преку апликацијата Webex како и на гласањето на Собранието на ИОРРМ преку апликацијата ADoodle е задолжена техничката служба на Едукативен центар М-ШЕСТ ДООЕЛ Скопје.

Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на ИОРРМ, Драган Димитров. Пред да се пристапи кон усвојување на доставениот предлог дневен ред, Престедателот по добиените информации од стручната служба на ИОРРМ, констатираше дека на седницата присуствуваат 137 вклучени членови на ИОРРМ, односно се констатира дека е исполнет кворумот за работа на Собранието.

По однос на доставениот предлог дневен ред претседателот ги информираше присутните дека во предвидениот рок во поканата за седницата, не се доставени предлози за изменување и дополнување на предлог дневниот ред.

Присутните членови гласаа по електонски пат за дневниот ред на 27-та седница на Собранието на ИОРРМ, при што дневниот ред беше едногласно усвоен, односно на седницата се работеше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Избор на членови на Работна група за верификација на гласањето по точките од дневниот ред на седницата, како и верификација на изборот на членови на комисиите и органите на ИОРРМ, и изборот на претставник на ИОРРМ за член на СУНРРСМ.
2. Усвојување на записникот од 26-та седница на Собранието на ИОРРМ.
3. (А) Усвојување на Одлука за потврдување на Одлука за разрешување на член на Комисијата за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор

   (Б) Усвојување на Одлука за потврдување на Одлука за назначување на член на Комисијата за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор.
4. Усвојување на Одлука за потврдување на Одлука за продолжување на мандатот на членовите на комисиите на ИОРРМ, донесена од Управниот одбор на ИОРРМ.
5. Усвојување на Одлука за потврдување на Одлука за продолжување на мандатот на членовите на органите на ИОРРМ, донесена од Надзорниот одбор на ИОРРМ.
6. Избор на членови на комисиите и органите на ИОРРМ.

7. Избор на член на ИОРРМ, за член на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на РСМ (СУНРРСМ), заради поднесена оставка на досегашниот член проф. д-р. Зорица Божиновска Лазаревска.
8. Усвојување на Годишен извештај за работа на ИОРРМ за 2019 година.
9. Разгледување на Извештај за работењето на Надзорниот одбор за 2019 година.
10. Усвојување на Одлука за усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на ИОРРМ за годината која завршува на 31 декември 2019 година, и извештајот на ревизорот за финансиските извештаи на ИОРРМ за годината која завршува на 31 декември 2019 година:

А. Годишна сметка на ИОРРМ за годината која завршува на 31 декември 2019 година.

Б. Извештај на ревизорот за финансиските извештаи на ИОРРМ за годината која завршува на 31 декември 2019 година.

11. Усвојување на Одлука за избор на ревизор на финансиските извештаи на ИОРРМ за годината која завршува на 31.12.2020, 31.12.2021 и 31.12.2022 година.
12. Усвојување на резултатите од изборот на членови на комисиите и органите на ИОРРМ.

**1. Избор на членови на Работна група за верификација на гласањето по точките од дневниот ред на седницата, како и верификација на изборот на членови на комисиите и органите на ИОРРМ, и изборот на претставник на ИОРРМ за член на СУНРРСМ.**

По првата точка од дневниот ред, Претседателот ги предложи Калина Велковска административен помошник, вработена во ИОРРМ како Претседател на работната група, Бранка Стојановска, овластен ревизор, вработена во ИОРРМ, и Марјонка Николовска овластен ревизор, вработена во ИОРРМ како членови на работната група.

Потоа, претседателот ги покани присутните членови да достават свои предлози за членови на Работната група. Бидејќи не беа доставени други предлози, предлогот за членови на Работната група е следниот:

- Калина Велковска, член и претседател на Работната група;
- Бранка Стојановска, член на Работната група;
- Марјонка Николовска, член на Работната група;

Предлогот за членови на Работната група беше едногласно усвоен.

**2. Усвојување на записникот од 26-та седница на Собранието на ИОРРМ.**

Претседателот отвори дискусија по материјалот доставен за оваа точка.

Бидејќи присутните не се јавија за дискусија се пристапи кон гласање. Согласно резултатот од гласањето, <u>Записникот од 27 -та седница на Собранието на ИОРРМ беше едногласно усвоен.</u>